**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**БИРО ЗА ЛЕКОВИ**

Бр.15- 1713/3
Дата 2011 год.
Скопје 11-04-2011

"50 Дивизија"-бб-Скопје
+389-02-3112-500 лок.222
fax: +389-02-3298-435

Министерството за здравство на Република Македонија, постапувајќи по барањето бр. 15-1713/1 од 01.04.2011 година на ДПТ СОЛ СЕЕ ДОО- Скопје, за добивање на одобрение за производство на медицински гасови, врз основа на член 65 и 68 од Законот за лекови и медицински помагала ("Службен весник на РМ" бр.106 /2007, 88/2010) и член 205 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на РМ" бр.38/2005, 110/08), го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Се утврдува** дека **ДПТ СОЛ СЕЕ ДОО- Скопје,** со седиште на ул. „Пролетерска" бр.4, ги исполнува условите по однос на простор, опрема и кадар за вршење на дејноста **производство на медицински гасови: течен кислород, течен азот и аргон,** во објектот лоциран во с.Возарци, Индустриска зона Фени, Кавадарци.

**О б р а з л о ж е н и е**

ДПТ СОЛ СЕЕ ДОО- Скопје, со седиште на ул. „Пролетерска" бр.4, поднесе барање број 15-1713/1 од 01.04.2011 година до Министерството за здравство, за добивање одобрение за вршење на дејноста производство на медицински гасови: течен кислород, течен азот и аргон. Кон барањето ја достави потребната документација. Овој орган го разгледа барањето со приложените докази и врз основа на записникот бр. 15-1713/2 од 06.04.2011 година за извршен увид во објектот наменет за производство на медицинските гасови од страна на овластена Комисија на Министерството за здравство, утврди дека се исполнети условите во однос на простор и опрема за за производство на медицински гасови: течен кислород, течен азот и аргон.
ДПТ СОЛ СЕЕ ДОО- Скопје ги исполнува условите и по однос на стручен кадар (Димо Ристовски, маш.инг.)

**ПРАВНА ПОУКА:** Подносителот на барањето има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение до Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на трудот, социјалната политика и здравството при Владата на Република Македонија.

**ДИРЕКТОР,**
**Прим.м-р Илчо Захариев**

Прим. м-р. Илчо Захариев
Дипл. фармацевт

**МИНИСТЕР,**
**D-r Bujar OSMANI**

Република Македонија Министерство за здравство Скопје

*Доставено до:*

- Подносителот на барањето,
- Архива.